

# Мартиноски
## Никола
(1903-1973)

Мартиноски претставува една од најмаркантните фигури на македонскиот ликовен простор чие творештво е целосно истражено и обработено.

Првите почетоци на Никола Мартиноски (1903-1973) се поврзуваат со работилницата на последниот македонски зограф Димитар Андонов Папрадишки (1859 - 1954) каде до 1920 година ги создал своите почетнички дела, мотиви позајмени од разгледници во боја.



На Школата за ликовни уметности во Букурешт (1920 - 1927), Мартиноски се стекнал со целосно професионално образование. Се запознал со романската уметност од тоа време која била и под влијание на извесни склоности на експресионизмот. Во овие школски години Мартиноски создал неколку дела.

Престојот на Мартиноски во Париз(1927 - 1928) е од особено значење за развојот на неговото творештво. Во тоа време веќе биле оформени повеќе модерни уметнички правци. Како посебно влијателна се издвојува група на уметници со еврејско потекло кои во Париз емигрирале по првата светска војна, припадници на Париската школа. Во така комплексна креативна средина, Мартиноски покажал особен интерес за сликањето на Модилјани, Сутин, Кислинг и Паскен. Се запознал и со францускиот, германскиот и фламанскиот експресионизам, со уметноста на А. Дерен и Пабло Пикасо. Нивното влијание е очигледно во неговиот "париски период" кој е од несомнена важност за развојот на современото македонско сликарство.

Од 1929 до 1944 година Мартиноски доживеал многу сложен и хетероген творечки развој. Патот од специфичните форми на екпресионистичко изразување, испреплетените искуства стекнати во Париз, па се до изградбата на творештво чии реалистички стилски белези се означени со многу елементи на социјалната уметност, бил доста сложен и поминал низ неколку карактеристични фази, кои мошне логично и континуирано се вградуваат една во друга.

Експресионистичката фаза (1929-1932) е важна етапа за целата идна уметничка кариера на Мартиноски. Неговата улога на македонската сцена е заснована на уметниковото стремење кон современи текови и обид да ги надмине ограничувањата наметнати од времето и средината во која живеел. Уметникот ги прифатил импресионизмот, кубизмот и експресионизмот, се стремел кон геометриско упростување и декоративност, со прилично студено нивелирани бои, близок до стилот на Модилјани и со естетиката на македонските средновековни икони. Многу од делата на Мартиноски од почетокот на триесеттите години претставуваат сцени од кафеанскиот живот или пак се поврзани со проституцијата. Користејќи го искуството на други уметници (Т. Лотрек, Грос, Дикс, Сутин), Мартиноски ги деформира, дури и ги карикира фигурите за да ја нагласи бруталноста на мотивите на кои работи.

Насликал фигури во кафеана или некоја друга средина, кај кои телата се цилиндрично заоблени или "скршени", со кубистички деформирани облици кои наликуваат на кукли или марионети, потсетуваат на делата на Пикасо, Грос, Дикс, Кислинг, но ја сугерираат и врската на Мартиноски со македонската уметничка традиција.

До 1933 година, творештвото на Мартиноски го најавува крајот на влијанијата на францускиот и германскиот експресионизам. Во 1933 година, ги направил своите први две фрески со благо заоблени форми, грациозни движења и деликатна стилизација на сите детали. Ваквите тенденции се забележливи во многу женски фигури од тоа време. "Циганска свадба" (1933) е динамична композиција со повеќе седнати фигури и разработени етнографски, социјални и психолошки детали. Тука третманот е реалистичен, а во некои портрети обработката е експресивна и претставува издолжени, речиси аскетски ликови.

Критиката укажала на експресивната уметност на Мартиноски, на неговиот модернизам, споен со инспирациите од македонската уметничката традиција. Во повеќе женски ликови, формите се обли, рафинирано изработени, под забележливо влијание на Кислинг. Овие настојувања се согледани и во 1935 година, на самостојната изложба на Мартиноски во Скопје, неговиот експресионизам сега е стивнат, интересот за социјалните мотиви останал, но типични се лирските и поетични експресии.

Вториот скопски период се однесува на две значајни одредници во творештвото на Мартиноски чија уметничка личност до 1936 година, е веќе созреана, а основната инспирација и понатаму ја бара во циганските маала низ Скопје.


Легнат акт, околу 1929, темпера на хартија, 40,5 x 47, б. с.

Периодот на Лирски реализам (1936-1937) опфаќа слики на сиромашно облечени момчиња и девојчиња со милозливи, носталгични лица и убаво обликувани тела и глави, со карактеристики на медитерански поттици, изработени со деликатно обликувано лице, издолжено и благо опуштено тело, со лесни и транспарентни бои.

До 1941 година, во делата на Мартиноски се развил еден вид социјален реализам, како израз на симпатијата кон сиромашните и како вистински одраз на животот. На неговата самостојна изложба во 1938 година, уметноста на Мартиноски била класифицирана како реалистична и тој бил наречен “голем македонски сликар” на мајки со деца, момчиња и девојчиња, питачи, емигранти... често со пренагласени детали, со цел да потенцира страдање, горчина на тешкиот и мачен живот,или човечка резигнација. Цртежите се впечатливо предадени со фина, тенка линија и типична физичко-емоционална обработка на физиономиите во духот на реалистичкиот правец.

За време на војната (1941-1944) творештвото на Мартиноски стилски ја следи претходната експресивно - реалистичка ориентација. По ослободувањето, изработил неколку дела тематски врзани за НОВ, серија цртежи со мотиви од партизанскиот живот и борбата, каде со убави, цврсти линии ги предава типичните личности и ситуации.

Повоеното творештво на Мартиноски се развивало во неколку фази, паралелно со динамичните историски промени во Македонија во тоа време, но и во битна врска со личниот живот на уметникот. Првата фаза е под влијание на социјалистичкиот реализам и трае до 1950 година кога Мартиноски воглавно го следел своето претходно творештво, со промени предизвикани од новите состојби во повоениот период. Додека пак делата после 1950 година (особено неколку портрети) покажуваат дека тој постепено ја менувал својата ориентација, но се уште останал во рамката на реализмот,често со нагласување на физиономските и психолошките карактеристики на индивидуални фигури или групни композиции.


Љубов , 1958, темпера на хартија, 36 x 25, сигн. д.с. Мартиноски



Приморски пејзаж, 1930 -1933, темпера на хартија, 23 x 33,5, б. с.

Пејзаж, 1920/1922, масло на картон, 34,5 x 50, сигн. д. д. Мартини



Во педесеттите години се создаваат можности и предуслови за постепено освојување на творечката слобода во уметноста.

Интерес за новите насоки во современата светска уметност и за процесот на модернизација на македонската уметност влијаел врз неговото творештво со што настанала преобразба на ликовниот израз.

Една од темите кои Мартиноски често ги обработувал во овој период се сцени од секојдневниот живот, дадени со повеќе фолклорни карактеристики. Машките и женските фигури ги претставил во народни носии, неизнасилено, без особени амбиции, со реалистичен и експресионистички третман, во сцени од разни обичаи од крушевската средина како “визити”, “свадби”, “слави” и сл.

Во педесеттите години Мартиноски создал многу цртежи и слики во стилот на “симболичниот експресионизам”. Посебно се истакнуваат цртежите настанати помеѓу 1952 и 1954 година. со филозофските, морални и социјални проблеми на тоа време, со неговите симпатии кон луѓето, неговите еротски визии, пренесено со модерен уметнички израз во кој го споил предвоено експресионистичко искуство со германскиот експресионизам, византиската естетика со симболизмот и надреализмот.



Игра, 1961, молив на хартија, 35,5 x 32,5, сигн. д. д. Мартин 61



Пигал, 1965/66, молив на хартија, 32 x 35,5, сигн. д. д. Парис/Пигал

Во цртежите од 1956-1959 година, внесува аглести конструкции и деформации, кубистичка изразност и фантазија, невообичаени, драматични и смели позиции на фигурите во просторот или грациозни, рафинирани и извиткани облици,кои ќе се забележуваат од 1959 до неговата смрт во 1973 година.

Во многу композиции од овој период со портрети и фигури, се чувствува ограничен стилски развој, нивелиран меѓу нагласен реализам до послободен третман, како во многу негови “мајки со деца” и “доилки”. Покрај цртежите стилски поврзани со “симболичниот експресионизам”, тој создал и цртежи со јасна реалистична поставеност.

Понатамошниот развој на творештвото на Мартиноски се карактеризира со барање на континуитет и синтеза на сите видови на дотогашниот уметников израз (теми, иконографски и композициони карактеристики) со различни теми и слободно импровизираните мотиви многу блиску до експресионистичкиот израз.

Еротиката во творештвото на Мартиноски е поврзана со неговиот експресионистички стил. Елементите на “еротска реалност” и “еротска фантазија” се појавиле многу рано. Еротската фантазија е особено присутна во многу слики и цртежи создадени по 1961 година. Тоа се симболични поетски мотиви, со фантастично предадени фигурални композиции.

Така, контурите на облиците се издолжени во "вретенесто" обликувани и "инсектовидни" претстави. Елегантната, брановидна дисторзија се спојува со карикатуралната пренасиленост и деформација. Во некои дела (1961-1964) надвладува еден вид поетизиран, идиличен свет, додека останатите се полни со силна емотивност и еротизам.

Мартиноски во серија цртежи ја прикажал скопската трагедија од 1963 година. Тоа се поетизирани, патетични или драматични претстави, изведени со креди во боја, молив или фломастер. Во елегантни и маниристичко истанчени линии, континуирани, меѓусебно поврзани или прекршени, Мартиноски предал фигурални композиции, сместени или расфрлани во бескраен простор.

Во различни сцени, Мартиноски повторно претставил и "свадби", "свадбарски групи", со невестата и младоженецот во преден план, со музичари, сведоци итн., предадени во "традиционална" македонска средина но по 1964 година со изменета стилската обработка. Групите се анимирани, природни и позбиени една до друга, а претставите издолжени, флексибилни и често гротескни.



Мајка со црвена блуза,
меѓу 1953 и 1955,
масло на платно, 66 x 51,5,
сигн. г. д. Мартиноски



Трендафили , околу 1960,
масло на платно, 80 x 64, б. с.

Портретите и фигурите на Мартиноски на почетокот на шеесеттите години ("мајките" и "доилките") се реалистички обработени, а покасно без особени иновации го следи академскиот стил и ја нагласува звучноста на боите линеарниот третман и анимираните искривени ритми поврзани со експресионизмот.

Низ сите свои развојни фази тој се потврди како врвен ликовен творец кој тежнееше кон обединување на светските модерни уметнички тенденции со богатото културно наследство на својата земја. Со најдобрите ликовни остварувања Мартиноски ја вгради модерната македонска уметност во најважните светски текови на своето време.

**Лилјана Христова**

## Каталог на дела

### Масло на платно

1. Пејзаж, 1920/1922, масло на картон, 34,5 x 50, сигн. д. д. Мартини
2. Автопортрет, околу 1928, масло на платно, 39 x 35, сигн. д. д. Мартин
3. Глава на жена, 1928, масло на платно, 40,5 x 32, сигн. д. л. Мартин-28/ Парис
4. Женска глава, околу 1930, масло на платно, 32 x 27,5, б. с.
5. Детски портрет, по 1945, масло на картон, 59 x 42, б. с.
6. Портрет на американец, 1940-50, масло на картон, 69,5 x 43,5, сигн. г. л. Н.Мартиноски/Д
7. Цвеќе, околу 1950, масло на картон, 35 x 43,5, б. с.
8. Мајка со црвена блуза, меѓу 1953 и 1955, масло на платно, 66 x 51,5, сигн. г. д. Мартиноски
9. Трендафили , околу 1960, масло на платно, 80 x 64, б. с.
10. Игра II, 1961, масло на платно, 59 x 61,5, сигн д. с. Мартиноски 61
11. Портрет на девојче, околу 1962, масло на платно, 66 x 51, сигн. с. д. Мартин
12. Два акта, 1965, масло на платно, 131 x 68, б. с.


Два акта, 1965,
масло на платно, 131 x 68, б. с.

### Темпера

1. Легнат акт, околу 1929, темпера на хартија, 40,5 x 47, б. с.
2. Приморски пејзаж, 1930 -1933, темпера на хартија, 23 x 33,5, б. с.
3. Љубов, околу 1946, темпера на хартија, 26 x 35, сигн.г.д.Н. Мартиноски
4. Љубов , 1958, темпера на хартија, 36 x 25, сигн. д.с. Мартиноски
5. Земјотрес 1, 1964, фломастер во боја на хартија, 29x35, б. с.


Игра II, 1961, масло на платно,
59 x 61,5, сигн д. с. Мартиноски 61

### Цртеж:

1. Две деца, 1940, молив на хартија, 30 x 33, сигн. д. с. Н. С. Мартиноски/Д
2. Сон, 1954, молив на хартија, 32,5 x 20,5, сигн. д. л. Н. Мартиноски
3. Веселба, 1955, молив на хартија, 35 x 25,5, сигн. д. д. Н. Мартиноски
4. Луда игра, 1958, молив на хартија, 24 x 56, сигн. д. с. Н. Мартиноски 58
5. Волшебна музика, 1960, молив на хартија, 33 x 47,5, сигн. д. д. Мартиноски
6. Игра, 1961, молив на хартија, 35,5 x 32,5, сигн. д. д. Мартин 61
7. Композиција, 1964, молив на хартија, 24,5 x 31,5, сигн. д. д. Мартиноски 64
8. Пигал, 1965/66, молив на хартија, 32 x 35,5, сигн. д. д. Парис/ Пигал
9. Седнато девојче, 1972, молив на хартија, 34,5 x 30,5, сигн. д. д. Н. Мартиноски/72



НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ БИТОЛА
NI INSTITUTE & MUSEUM BITOLA

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Изложбата е финансирана од Министерство за култура на Р. Македонија
Издавач: НУ Завод и Музеј - Битола, Директор: Зоран Николовски, Кустос: Лилјана Христова,
Фотографии: Коста Мартиноски, Компјутерска обработка: Јове Парговски, Печати: Графопром
26.XI. - 10.XII.2009, МАГАЗА - Битола